Активности за IX одделение за периодот од 27.4- 30.4.2020

Тема: Влијанија на човекот врз животната средина

1. Прашања кои се однесуваат на животната средина во Македонија
(74 и 75 стр. во учебникот)

Внимателно следете ги видеата на следните линкови:

https://www.youtube.com/watch?v=Z_jHP6xBLe8&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=BPJJM_hCFj0

Планот препишете го во вашите тетратки по биологија:

1. Зголемена емисија на $CO_2$ и други стакленички гасови како што се: водената пареа, метанот, азотните оксиди и др. го нарушуваат озонот кој преставува природен филтер на атмосферата и го предизвикуваат ефектот на стаклена градина.

2. Со максималното трошење на необновливите ресурси, загадувањето и уништувањето на животните средини: воздухот, водата и почвата, човекот го доведува во опасност својот но и опстанокот на сите живи организми кои живеат во нив.

3. Загадувањето на почвата е со неконтролирано користење на пестициди и со таложење на тешки метали од индустриските гранки.

4. Еутрофикација е процес на зголемување на хранливите состојки во водните екосистеми со што води до појава на „воден цвет“ проследен со позеленување на водата. Ова настанува при испуштањето на хемиски материи од фабриките, употреба на синтетички детергенти и вештачки земјоделски ѓубрива.

**Домашна задача:**
Истражете кои се најголеми загадувачи на животната средина во нашата земја. Исто така, во истражувањето објаснете како вие може да придонесете за намалување на загадувањето и зачувувањето на животната средина.

Изработените домашни задачи да се испраќаат најдоцна до 3.5.2020 на е mail адреса: anabiologija@yahoo.com со наведено име и презиме на ученикот и одделението во кое учи.

Предметен наставник: Ана Настова